TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

# *“БИСТРО – МАТНО”*

# *БАРОМЕТАР НА КОРУПЦИЈА 2025 година*

Транспаренси Интернешнл Македонија

**јануари, 2026 година**

# МАТНИ НАСТАНИ ЗА 2025 ГОДИНА

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА

***Неопходни се реформи во правосудството***

**Разрешена судијка од Велес и газди на ланец аптеки обвинети за фалсификување** - Основното јавно обвинителство Кавадарци поднесе обвинение против судијка од Основниот суд во Велес, двајца сопружници – сопственици на ланец аптеки и правното лице, кои се товарат за фалсификување службена исправа и за употреба на исправа со невистинита содржина. Првообвинетата, постапувајќи во предмет во кој тужители се останатите обвинети, донела пресуда со која им го усвоила тужбеното барање и им утврдила право на сопственост на деловен простор и земјиште под зграда. Иако пресудата не била правосилна и извршна, а тужените навреме изјавиле жалби, судијката поттикната со умисла од сообвинетите, ја заверила со службен печат за правосилност и извршност со што свесно внела невистинит податок во службената исправа. Ваквата службена исправа со невистинита содржина таа ја дала на рака на управителката на правното лице, наместо преку судска достава.

**Стотици милиони евра оштетен буџет, минимално конфискуван имот-** За вкупно 244 милиони евра е оштетен буџетот изминатава деценија, покажува анализата Радио Слободна Европа на 30 високо профилни судски случаи. Обвинителите побарале од судот да им се конфискува имот на десетина обвинети во вредност од околу 62 милиони евра, а Судот одобрил конфискација во 5 предмети вредна 49 милиони евра. Становите на Груевски уште чекаат одлука од Влада. Речиси 62 милиони евра би можела да „тежи на хартија“ Агенцијата за конфискуван имот, доколку судот ги прифател барањата на обвинителите за заплена на имотот стекнат со криминал, покажува анализата на Радио Слободна Европа на 30 високо профилни судски случаи во последните 10 години. Според анализираните предмети, Судот во пет од 30 судски случаи пресудил од бараните 62 милиони да се конфискува имот во вредност од 49 милиони евра. Доколку до сега се наплателе овие пари, државата би можела со нив, на пример да плати камата за првите три години од унгарскиот кредит, или да изгради најмалку 30 нови училишта. Станува збор за пресуди со конфискација кои и по неколку години од правосилност се уште не се во целост реализирани и наплатени. Тоа се пресудите во предметите „Империја“„Плацевите на Водно“, „Труст“ и „Диамед“.

**Нови ревизорски извештаи на ДЗР: ПИОМ, Дирекција за заштита и спасување и Клиника за дерматологија** - Останува дупката во ПИОМ - откриени и „фиктивни“ вработувања - Државниот завод за ревизија (ДЗР) изврши ревизија на финансиските извештаи на Фондот на пензиско и инвалидското осигурување за 2023 година, при што е утврдено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба. ДЗС не ги одржува својот имот и опрема, а нема ни национална стратегија за спасување и заштита – предупредуваат ревизорите од ДЗР - Неевидентирани објекти од доделениот имот на ДЗС, запуштени и нефункционални засолништа, технолошки застарена, неупотреблива и несервисирана опрема, непостојна национална стратегија за заштита и спасување по 2018 година, недостаток на критериуми за набавка на противпожарна опрема, недоволен број пилоти, неоправдано ангажирање на брокер за осигурување на авионите… се дел од констатациите во извештајот на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија во Дирекцијата за заштита и спасување, за 2023 година. ДЗР: Слабостите во управувањето со здравствените услуги и лекови создаваат финансиски и оперативни предизвици во Клиниката за дерматологија - Изразено е неповолно мислење во однос на

вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2023 година за сметката за средства од фондот 737, додека за сметката за сопствени приходи 531 изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2023 година – стои во соопштението.

***Функционерите ги игнорираа укажувањата на ДКСК***

**Антикорупциска го казни Џафери бидејќи вршел две функции одеднаш -** Поранешниот спикер на Собранието Талат Џафери, е санкциониран од Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) откако било утврдено дека незаконски извршувал две неспоиви функции истовремено. -Постапката против Џафери беше поведена по иницијатива на Левица, која уште во јуни 2024 година поднесе претставка до ДКСК за судир на интереси поради неспоивост на функции, бидејќи Џафери истовремено беше претседател на Владата и пратеник во Собранието.

**Граѓаните им дадоа тројка на судските услуги – судиите задоволни, за министерот бројките се поразителни -** На скалата од еден до пет граѓаните кои биле странки во судска постапка, обвинети, оние административни услуги во Судовите, адвокати, јавни обвинители и новинари дале оценка тројка за судските услуги. Ова го покажува анкетата која ја спроведе Коалицијата Сите за правично судење на барање на Здружението на судии. Девет проценти од 1100 анкетирани граѓани кажале дека им било побарано мито, на една третина директно од судиите, а на останатите од други судски службеници. Граѓаните се најнезадоволни од брзина на судските постапки, која е последица на зголемениот број на судски предмети, а намалениот број на судии за што предупредуваше Коалицијата.

## **"МАТНИ" НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА**

**Истрага за поткуп и проневера во СОЗР** - ОЈО Скопје донело наредба за спроведување истражна постапка против две лица, за поранешниот директор на Службата за општи и заеднички работи (СОЗР) на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, кој се сомничи за примање поткуп и проневера во службата и за сопственик и управител на правен субјект за кој постои сомневање за давање поткуп.

**Злоупотреби со реконструкцијата и осветлување на зградата на Владата -** Обвинителството за организиран криминал и корупција поднесе обвинителен акт против едно лице и предлог обвинение против четири лица за злоупотреби поврзани со реконструкција на фасадата и осветлувањето на зградата на Владата, што беше дел од проектот „Скопје 2014". Обвинението, според Обвинителството, се заснова на докази од периодот февруари – април 2013 година, со кои е нанесена штета на државниот буџет од приближно 3 милиони евра. Меѓу обвинетите се и првиот човек на градежната компанија „Бауер БГ", како и поранешниот директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата, Васе Донев.

**Поевтино им е да платат казна отколку да пријават имот на списокот на ДКСК повеќемина поранешни и актуелни функционери -** Осумдесетина поранешни и актуелни функционери ќе платат казни откако Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) утврдила дека не пријавиле имотна состојба, не ги доставиле бараните документи во определен рок или не се изземале во одредена постапка. „Преку објавување на овие информации ДКСК има за цел да ја информира јавноста во насока на охрабрување на граѓаните, како и институциите да се придржуваат до правните норми. Очекуваме дека со

исполнување на оваа законска обврска ќе се зголеми довербата во процесите на надзор и контрола, но и ќе се зајакнат напорите за ефикасно спречување на корупцијата и судирот на интереси во Република Северна Македонија. ДКСК смета дека оваа мерка е исклучително значајна за зголемувањето на транспарентноста и отчетноста на секоја институција во борбата против корупцијат“, се наведува во соопштението од ДКСК.

**Поранешниот директор на КПУ Затвор Скопје дозволил привремено да шетаат на слобода пет осуденици од висок безбедносен ризик** - Петмина осуденици од затворот во Шуто Оризари, незаконски биле привремено ослободувани по 8 до 10 часа, а тоа им го овзоможувал поранешниот директор Филип Андов кој е осомничен заедно со уште девет лица во постапката на Обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција. Тие се гонат за „Противзаконито ослободување на лице лишено од слобода“ и кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“. „Првосомничениот, злоупотребувајќи ја својата службена должност со намера да им овозможи корист, односно противзаконска поволност на петмина осуденици и привремено да ги ослободи, дозволил и наредил осудените кои биле од висок безбедносен ризик во повеќе наврати да добијат и да се стекнат со поволности што согласно судските одлуки не им следувале“, соопштуваат од ОЈО ГОКК.

**ДКСК: Член на комисија на АЕК не ги исполнувал условите, но лицето било именувано на функцијата од собранието** - Без соодветно образование и немање на потребно работно искуство станал член на Комисијата во Агенцијата за електронски комуникации. Државната комисија за спречување корупција по претходна пријава констатираше дека лицето кое било избрано и именувано на оваа висока позиција од страна на Собранието не ги исполнувало дел од условите. - Наведената диплома од факултетот за јавна администрација со стручен назив дипломиран јавен администратор не влегува во областите информатика, телекомуникации, право или економија, рече Цвета Ристовска, член на ДКСК. Поради сомневање за повреди на законот за електронски комуникации ДКСК ќе ја исвести собраниската комисија за избори и менувања.

**ДЗР: Утврдени слабости во работењето на Централен регистар** - Со извршената ревизија за работењето на Централниот регистар утврдени се неправилности, вклучувајќи продажба на патнички моторни возила без согласност од Владата, неусогласености во евиденцијата на приходи и нефункционирање на одредени регистри. Дополнително, утврдени се проблеми со долгови, неправилности во вработувањето и законски недоречености кои влијаат на ефективноста на институцијата. **Ревизија со сериозни забелешки за Агенцијата за вработување во извештајот за 2023 година** - Сериозни слабости во спроведување на мерките за вработување и проблеми во распределбата на средствата се нотираат во извештајот за 2023 година на Државниот завод за ревизија. Ревизорите утврдиле дека овие мерки не се спроведувале според принципот на рамномерен регионален развој. **Недостигот на инспекциски надзор го намалува ефектот на контролите во студентските домови** - Државниот завод за ревизија утврди сериозни слабости во спроведувањето на инспекцискиот надзор во студентските домови и воспитно-образовните установи. Недостатокот на редовни и вонредни инспекции, кадровските проблеми и неисполнувањето на препораките од претходни ревизии доведоа до намалена ефективност на контролните процеси и ризик за несоодветно функционирање на установите, се вели во ревизорскиот извештај.

**Транспаренси Интернешнл: Македонската борба против корупција бележи пад од 12 места** - Со само два поени помалку од 2023 година, Северна Македонија ја завршила 2024 година со пад од 12 позиции на ранг листата на Транспаренси Интернешнл за нивото на борба против корупцијата. Според Индексот за перцепција на корупција за 2024, земјава е рангирана со 40 поени на 88-то место од 180 држави. Ако во 2023 година, кога на овој Индекс земјата беше рангирана на 76-тото место главно заради критиките за измените на Кривичниот законик, падот сега се должи на скандалите во судството, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители. „Неказнивоста на високата корупција поврзана со лица на јавни позиции, индициите за политичко влијание во судството, лошата контрола која Судскиот совет ја врши врз

судиите и препораките на оценската мисија на Европската Унија, кршењето на законот со изборот на кандидати за Академијата на судии и јавни обвинители за време на избори, се само дел од скандалите кои го тресеа судството", изјави претседателот на Транспаренси Интернешнл- Македонија, Благоја Пандовски.

## "МАТНИ" НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2025 ГОДИНА

*Нешто е гнило во Северна Македонија*

**Истрагата лоцира „верижни пропусти и незаконитост" кои довеле до пожарот во Кочани** - Државниот обвинител Љупчо Коцевски ги изнесе во јавноста сите досега утврдени незаконски дејства поврзани со пожарот во Кочани. За пропустите рече дека датираат уште пред повеќе од 10 години. За внесување на пиротехниката во „Пулс", осомничен е и член на групата ДНК која имаше концерт. Основното јавно обвинителство - Кочани даде наредба за истрага против 27 лица и три правни лица за кои постои сомнение дека како соизвршители сториле тешки дела против општата сигурност со пожарот во „Пулс". Сите осомничени во истрагата се обезбедени. Кочанското обвинителство бара притвор за сите осомничени со исклучок на тројца кои се хоспитализирани. Обвинителството соопшти дека сите осомничени од 2012 година до 16 март 2025 година, заеднички, но секој од аспект на своето својство и надлежности, не постапиле по прописите за мерки за заштита и со тоа предизвикале опасност по сите.

**„Кражба на мазут!" – Обвинителството ја продолжува истрагата против 13 осомничени -** Обвинителството за организиран криминал и корупција продолжува со истрагата каде бизнисмени и трговци со горива, во соработка и потпомогнати од директори и вработени во електрани на Македонија, манипулирале со тендерската постапка за набавка на мазут на ТЕЦ Неготино. Ова се случило во временските рамки од 2021 до 2023 година, додека државниот буџет е оштетен за 167,5 милиони евра.

**Крива Река „плива" во најсмртоносниот отров-цијанид, наместо државна акција има партиски препукувања -** Наместо итна акција на државата – партиски препукувања, обвинувања за еколошката катастрофа на Крива река во Крива Паланка каде е детектирано зголемено присуство на цијанид и олово, откако отпадната вода од рудникот Тораница се слеал во реката, по што добила сива боја. Реагираат само токсиколозите. Велат цијанидот е еден од најсмртоносните отрови. Делува на клеточното дишење, односно спречува кислородната размена да влегува во клетките и со самото тоа ги убива и клетките. Бидејќи е во вода ќе делува на целиот жив свет во реката, што е еколошка катастрофа. Опасноста од загадување на почвата и храната е голема.

**Раководител побарал 13.000 евра мито за дозвола за проект за градење на апартмани -** Единицата за корупција при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција соопшти дека пријавениот, раководител на Одделение за урбанизам, комунални дејности, локален економски развој и заштита на животна средина во општина Маврово и Ростуше, побарал поткуп од 13.000 евра и ветил дека ќе биде одобрен урбанистички проект за градење на апартмани и сместувачки капацитети, а требало да се исплати во неколку рати.

**„Горица" во Охрид продолжува да се бетонира и покрај предупредувањата од УНЕСКО: Институциите молчат, градежниците копаат -** И покрај јасните препораки од УНЕСКО за итно запирање на урбанизацијата во чувствителните подрачја околу Охридското Езеро, како ридот Горица и Студенчишкото Блато, градежните активности не престануваат. Последното предупредување доаѓа од организацијата СОС Охрид, која алармира дека и по реакциите од меѓународните тела, државата не презема никакви мерки.

Во соопштението до медиумите, активистите потсетуваат дека Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО, која во март 2024 година престојуваше во Охрид, регистрирала ново градилиште на ридот Горица. Се работи за изградба на хотелски комплекс, без претходно известување на Центарот за светско наследство – што претставува директно прекршување на став 172 од оперативните насоки на Конвенцијата за светско наследство.

ДКСК: **Институциите со низок интегритет -** Во насока на објективност и вреднување на постигнувањата, Државната комисија за спречување корупција ја презентира ранг-листата на најуспешни и најслово рангирани институции според степенот на имплементација на системот за интегритет. На врвот Државниот завод со ревизија со 82, отсто, од судовите прединачи судот во Кавадараци со 65 отсто, а оценка ниско и 20 отсто добил Граѓанскиот суд во Скопје. Во истражувањето на антикорпуопцниерите детекетирани се главните пропусти како непостоење на интерни акти за судир на интереси – фалат кај половина од државтните институции, и толкав процент немаат регулатива за примање подароци и гостопримство. Отсуство на обука за интегритет и ниска сертификација на ИСО стандарди.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2025 ГОДИНА

**Од максимум бодови за ДКСК, до осомничена за „Адитив“ -** Претседателка на ДКСК, Татјана Димитровска, преку апликации за пораки му оддавала службени тајни на обвинет во предметот „Адитив“. Делото за кое се сомничи, го почнала само три месеци по нејзиниот избор. Во време на висока недоверба во судството, ДКСК важеше за своевидна светла точка во борбата против корупцијата. Новиот состав на оваа Комисија наследи такво реноме изградено од нејзиниот претходен состав. Сега состојбите како да се пред нов почеток, откако Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција во рамките на постапката што се води за предметот „Адитив“ донесе Наредба за спроведување на истражна постапка против три лица, од кои едно е претседателката на ДКСК Татјана Димитровска, како третоосомничена. Трагите до неа стигнале како резултат на екстрахирани електронски докази обезбедени во досегашната постапка.

**Земале мито, па изготвувале документација за наводни прегледи, контроли и извештаи за издавање инвалидска пензија и туѓа нега за лице -** Поранешна докторка од Клиниката за уво, нос и грло во Скопје е во центарот на шемата. Како што соопштија институциите, таа формирала две криминални групи кои добивале мито, а за возврат лажирале медицинска документација и ги воделе постапките за обезбедување на социјалните права. Во шемата влезени биле лекари од Уво, нос и грло, Неврологија, ЈЗУ општа болница Велес, Психијатрија, но и вешто лице, членови на Комисијата за оцена на работна способност, адвокат, но и други службеници. Постапките за остварување на право на туѓа нега оделе преку Велес. Барателите давале мито кај матични доктори од овој град. Без воопшто да се појават на лекар биле креирани и издавани документи за фиктивни упати, прегледи, отпусни листи, медицински извештаи, контроли, психолошки тестови, конзилијарни мислења, потврди за медицински помагала и друга медицинска документација.

**Тешка измама со брзи кредити: 43 луѓе фалсификувале лични податоци на граѓани, а во тоа им помагал вработен во ФЗО -** Дел од осомничените, спротивно на условите утврдени со закон и без согласност на граѓаните користеле туѓи лични податоци, правеле лажни јавни исправи и преправале вистински јавни исправи со намера таквите исправи да се употребат како вистински. Со внесување невистинити податоци во информатичките системи на десетина различни друштва за „брзи кредити“, како и со фалсификување на електронски потписи, без знаење на оштетените на нивно име земале кредити, создавајќи им обврска на лицата да ги враќаат наводно позајмените средства. „Еден дел од осомничените лажирале податоци за вработување на невработени лица, прикажувајќи ги како вработени и кредитоспособни, па врз основа на тие податоци од кредитните друштва извлекувале пари кои потоа биле ненаплатливи. Во тоа им помагал и осомничениот – службеното лице вработено во Фондот за здравствено осигурување на РСМ, ставајќи им средства на располагање, односно ЕЗБО број кој претходно го обезбедувал преку својот компјутер од електронскиот систем на Фондот“ се наведува во соопштението. Ваквите лажни податоци лицата ги користеле за да подигнат и по неколку кредити од различни друштва во еден ден, со што

прибавувале значителна имотна корист. Потоа парите ги извлекувале од сметка и во најголем дел ги давале на осомничените организатори на вакви измами.

**Директорот на Геријатрија 20.000 евра [поткуп] за да смести неподвижно лице –** Заедно со посредник директорот на болницата за геријатрија, Мухсин Арифи, барал и примил поткуп за сместување на болно и неподвижно лице во геријатриска установа. МВР со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, соопштија дека поткупот бил во износ од 20.000 евра.

**Уапсениот инспектор од личното обезбедување на Мицкоски сакал да [продаде] тајни документи за 50.000 евра -** Осомничениот Ангел Самараков, самостоен инспектор припадник на Единицата за лично обезбедување на премиерот Христијан Мицкоски, бил фатен на паркинг пред хотел во Велес при обид да продаде тајни документи за 50.000 евра, соопшти Јавното обвинителство. „Осомничениот како службено лице, вечерта на 30.3.2025 година на паркинг просторот пред хотел во Велес се сретнал со неповикано лице – сведок во постапката и му покажал службени документи на МВР, што претставуваат службена тајна. Притоа му дозволил на сведокот истите да ги снима, кажувајќи му кој документ за што се однесува. На овој начин, осомничениот од користољубие, а со цел да бидат објавени на социјалните мрежи, сторил достапни службени документи што претставуваат службена тајна, со цел да прибави паричен износ од 50.000 евра од лицето за кое се однесувале документите", соопштија од обвинителството.

**Скоро половина од судовите лани биле [неажурни], Судскиот совет го усвои извештајот за работата на судовите во 2024 -** Скоро половина од судовите од државата лани биле неажурни, односно од 34 судови ажурни биле 18, а неажурни се 16 од кои три се апелациски, 12 основни и Вишиот управен суд. Ова беше соопштено на седница на Судскиот совет на кој се разгледуваше извештајот за работата на судовите за 2024 година. Според известителот Павлина Црвенковска, судовите во државата минатата година ја почнале со нерешени 131.005 предмети, а примиле за работа нови 569.958 предмети, односно вкупно за работа имаме 700.739 предмети. Од нив успеале да решат 566.010, а не решиле 134.729 предмети. -Судовите лани не успеале да го совладат приливот на предмети и ги зголемиле заостанатите предмети за 3.724 предмети, истакна Црвенковска.

**Ревизорите констатирале [неправилности] и системски слабости во работата на гостиварскиот Основен суд -** Според наодите, во судот недостасуваат одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи; Различни услови за пополнување на едно работно место во прописите по кои работат судовите, што, смета, предизвикува дилеми и неможност за постапување, како и дека не е пропишана формата и содржината на обрасците за водење на судски депозити и има неусогласеност во законската и подзаконската регулатива во дефинирањето на сопственоста на застарените депонирани предмети по истекот на десет години од нивното предавање; Констатирале и отсуство на документација со која ќе се потврди правото на сопственост или користење на недвижниот имот. **Ревизија: Системски [слабости] и неправилности во Бирото за развој на образованието -** Повеќе од 5 години на раководна позиција, но како вд директор, непрецизност во начинот на пресметка на надоместоците на надворешните соработници, недостаток на финансиски средства за обуки на наставници во основно и средно образование - ова се дел од системските слабости во работата на Бирото за развој на образованието утврдени во новиот ревизорски извешетај. Во текот на 2023 година, со Бирото раководеле двајца директори кои не биле именувани по објавен јавен оглас, додека претходниот директор со институцијата раководел повеќе од 5 години. **Државна ревизија открива [слабости] во договорените јавно-приватни партнерства -** Малку резултати за многу пари - ревизијата на проектите со јавно-приватно партнество од 2017-та до лани покажува слабости во законите, институциите и договарањето. Утврдени се вкупно 68 договори, но ревизорите велат дека бројката можеби е поголема поради лошо водена евиденција. Од 25 анализирани постапки, државата наплатила околу еден и пол милиони евра, додека приватните партнери добиле 3 милиони евра. Приватниот сектор инвестирал вкупно 37 милиони евра, но придонесот на државата не може да се мери парично бидејќи се состои

од дозволи, земјиште и објекти. Не сите договори биле добро напишани. Еден бил склучен на 96 години, а законскиот лимит е 35. Во некои случаи и државата морала да плати казни. „Во тек се судски постапки во кои јавен партнер се јавува како тужена страна за долг од приближно 3,9 милиони евра“.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2025 ГОДИНА

**Давале терапија која им ја влошувала состојбата на пациентите болни од канцер – детали за обвиненијата против директорите и лекарите од клиниката за Онкологија -** Основното јавно обвинителство Скопје ја заврши истрагата и до Основниот кривичен суд Скопје и поднесе две обвиненија за предметот „Онкологија“. Првото обвинение, кое се однесува на економското работење на Клиниката опфаќа две лица. Првиот обвинет, во својство на службено лице – медицински директор и вториот обвинет, во својство на организациски директор на Клиниката се обвинети за продолжени кривични дела – Злоупотреба на службената положба и овластување, Измама во службата и Проневера во службата. Повеќето од дејствијата ги сториле во соизвршителство и во временски период од 2018 до 2022 година. Кривичното дело Злоупотреба на службената положба обвинетите го извршиле со пречекорување на границите на своето службено овластување и не ја извршиле својата службена должност во постапките за набавка на лекови, постапувајќи спротивно на Законот за здравствената заштита, Закон за здравствено осигурување, Статутот на Клиниката, Законот за буџетите и Законот за јавни набавки. Со овие дејствија тие прибавиле значителна имотна корист за друг и нанеле штета на Буџетот на Република Северна Македонија во вкупен износ од над 2,2 милијарди денари.

**Управниот суд ја поништи одлуката за избор на Дуковска за уставен судија -** Неправилно спроведена постапка за избор при која Судскиот совет не ги разгледал сите кандидати подеднакво и не ги почитувал критериумите од Законот за судски совет е причината поради која Управниот суд ја поништи одлуката за избор на Елизабета Дуковска за судија на Уставниот суд. Според пресудата, во конкретниот случај, Судскиот совет донел одлука за избор на судија на Уставниот суд без целосно разгледување на сите предложени кандидати. Поради недостиг на материјали и податоци за кандидатите, членовите на Советот не можеле да направат темелна анализа на нивната стручност и придонес во правната теорија. Иако Законот за судски совет бара исполнување на конкретни критериуми за избор, тие не биле формално проверени пред гласањето.

**Нетранспарентност во процесот на преговарање –** реакција на Платформата на граѓански организации за борба против корупција за договорот меѓу Македонија и В. Британија - Платформата на граѓански организации за борба против корупција реагира на нетранспарентноста на процесот на преговарање на договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти, односно како што го нарекува Владата „Договор Влада со Влада“. Ова е веќе втор договор од ваков тип, и исто како и договорот со Република Унгарија, се потпишува без претходно и навремено јавноста да биде информирана за деталите и условите кои се прифаќаат. Платформата смета дека еднакво како што се јавува целосна транспарентност на трошењето на парите од оваа кредитна рамка, Владата требаше да обезбеди транспарентност и на процесот на преговарање и условите кои се вклучени во договорот што Владата го прифати на својата седница на 20 мај 2025 година и го потпиша на 22 мај во Лондон.

**Политички експонирани лица не пријавиле сопствеништва во фирми во изјавите за интереси во ДКСК – истражување на ЦГК -** Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) со анализа на истражувањето за откривање на евентуални судири на интереси и злоупотреба на моќ при јавните набавки кај политички експонираните лица. Во анализата се вели дека преку регистарот на вистински сопственици се откриени сопственишта во фирми на политички експонирани лица (градоначалници и министри) кои не им се пријавени во изјавите за интереси доставени до антикорупциска. Четириесет и еден од анализираните 360 поранешни и сегашни функционери се јавуваат како вистински сопственици во некоја фирма; 23-ца од тие функционери целосно или делумно ги сокриле своите удели во фирми од ДКСК. Фирми во сопственост на градоначалници и поранешни министри добивале договори за јавни набавки, концесии и лиценци доделени од државни институции.

**Лани најмногу прекршувања на човековите права имало околу вадењето патни исправи и правосудството -** Согласно годишниот извештај, најмногу прекршувања на човековите права лани имало во делот на граѓанските состојби, претежно врзани со неможноста за добивање на лични документи, поточно патните исправи. Правосудството е проблематична сфера со најмногу прекршувања и претставки од граѓаните, а има претставки и во однос на работата на извршителите. Проблематични се и прашањата поврзани со потрошувачките права, потенцираше народниот правобранител Насер Зибери. Тој информираше дека лани од граѓаните биле поднесени над 2.700 преставки. Народниот правобранител лани постапувал по 3.120 преставки, со оглед на фактот што одреден квантум на претставки се префрлуваат од претходната година.

**За дигитализација на матичните книги 8,5 милиони евра, а дел од граѓаните добиваат изводи издадени на машина за пишување -** Државниот завод за ревизија укажува дека се уште не е завршена дигитализацијата на матичните книги и покрај тоа што започнала пред повеќе од една деценија и во неа се вложени над 520 милиони денари. Според ДЗР, недостатокот на јасна стратегија, контролни механизми и квалификувани човечки ресурси, спор го оневозможуваат подобрувањето на услугите за граѓаните и го зголемуваат ризикот од злоупотреби на лични податоци и губење на архивскиот материјал од трајна вредност. **ДЗР откри сомнителни финансиски извештаи и набавки на Клиниката за хематологија -** Државниот завод за ревизија изрази неповолно мислење околу вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на Клиниката за хематологија и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2023 година. „Утврдено е дека применените и потрошените лекови за ретки болести и лекови од донација не се евидентирани во сметководствената евиденција; во некои од спроведените постапки за јавни набавки констатирани се несоодветна примена на Законот за јавните набавки и нехронолошко плаќање на преземените обврски“.**ДЗР: Ниту една општина во седиште во град не го исполнува стандардот за зеленило -** Од 34 општини со седиште во град, ГУП-овите на 22 општини не го исполнуваат препорачаниот стандард за озеленетост од 25 метри квадратни по глава на жител, покажува најновиот извештај на Државниот завод за ревизија.

**За мито од стотина евра „издавале“ уверенија за странци во центарот на Скопје -** Повеќе службеници од Одделот за странци во Управните служби на МВР се опфатени со истрагата за злоупотреби и издавање на документи за регулиран престој во Македонија на странски државјани. Противзаконските „услуги“ биле вршени во канцелариите на Управните служби во МВР, каде што се приведени повеќе лица- вработени во полициските служби. Според првичните информации, осомничените издавале уверенија и документи за престој без да се извршат законски предвидените проверки, а за тоа добивале мито од по стотина евра. За да ги избегнат законските процедури била формирана шемата за издавање лажни документи кои биле издавани за соодветна цена.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ 2025 ГОДИНА

**Потрошени 8,5 милиони евра, а само пола од матичните податоци се внесени електронски, изводи се печателе и ноќе во 22 часот, утврди корупција ДЗР -** „И покрај тоа што дигитализацијата на матичните книги започнала пред повеќе од една деценија, и вложени се над 520 милиони денари, со ревизијата се утврди дека процесот сè уште не е завршен, односно скенирани се 52% од записите, а внесени во електронскиот регистар се 49% од предвидениот обем на активности. **Државниот завод за ревизија утврди слабости во финансиското работење на Општина Центар -** Државниот завод за ревизија утврди сериозни слабости во финансиското работење на Општина Центар за 2023 година. Според извештајот, општината има ненаплатени побарувања од над 4,4 милиони евра, без утврдена рочна структура или правна можност за наплата. Дополнително, во делот на јавните набавки се констатирани бројни неправилности кои го нарушуваат принципот на конкуренција и транспарентност, предвиден во Законот за јавни набавки, стои во извештајот на ревизорите. **ДЗР: Регионален развој без резултати – Јавните инвестиции заглавени во локални приоритети -** Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема „Ефекти од јавни инвестиции во рамномерен регионален развој“, со цел да утврди дали јавните инвестиции се ефикасно и ефективно планирани и спроведени, и дали придонесуваат за

долгорочно одржлив регионален развој. Непостоење на јасен критериум за регионални проекти, распределба на средства преку линиските министерства наспроти распределба на средства преку Програмата за рамномерен регионален развој, распределба на средства на општини и проекти без јавен повик во нетранспарентна постапка, отсуство на систем за оценка и одржливост на проектите има влијание на ефектите од јавните инвестиции во регионалниот развој. **ДЗР: ЕЛЕМ ТУРС со големи загуби и застарени капацитети -** Државниот завод за ревизија ја објави анализата на финансиските извештаи и работењето на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје за 2023 година, при што констатира сериозни финансиски и управувачки проблеми. Според ревизорите, компанијата се соочува со акумулирани загуби од околу 1,2 милијарди денари и задолженост која надминува 268 милиони денари. Во извештајот се нагласува дека застарените сместувачки капацитети, нерационалното трошење на средства и несоодветното управување сериозно ја нарушуваат стабилноста на друштвото. Особено загрижува недостатокот на осигурување на имотот и средствата, како и прекумерниот ангажман на аутсорсинг услуги со исплати над предвидените договори.

**Судовите се неажурни во работата, нерешени им стојат 150 илјади предмети -** Судовите во Македонија се неажурни. По првите три месеци од годината не успеале да ги решат заостанатите и ново пристигнати предмети, па пред судиите, за решавање останале близу 145 илјади предмети. Според извештајот на Судски совет, од вкупно 34 судови, единствено ажурни се судовите во Штип, Велес, Радовиш и Виница. Од советот велат заради бројните празници во јануари, вообичаено било во првото тримесечје судовите да не успеат да ги совладаат предметите, но, главниот проблем го гледаат во недостигот од судии и административен кадар.

**Годишен извештај на ЈО: Зголемен бројот на тешки убиства и кривични дела во сообраќајот -** Со намалени кадровски капацитети, а со зголемен обем на работа. Вака јавните обвинителства ја поминале минатата 2024 година, се вели во Годишниот извештај за нивната работа што го објави Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Така, според документот, во текот на 2024 година основните јавни обвинителства во државата постапувале против вкупно 37 255 сторители на кривични дела, од кои 25 909 сторители биле новопријавени. Во оваа насока од Обвинителството нотираат дека споредбата на податоците покажува дека минатата година е регистрирано значително зголемување на бројот на новопријавени сторители на кривични дела во однос на претходната 2023 година за околу 10 проценти.

**Охрид: Невладините се жалат, дивоградбите си врват** - Молк по алармот на невладините организации дека на повеќе локации во Охрид незаконски се гради. Во пресрет на одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, кој за помалку од еден месец ќе пресече дали Охридскиот Регион ќе биде впишан на Листата на светски наследства во опасност, од Фронт 21/42 порачуваат дека надлежните институции не покажуваат свест за вредностите на светското наследство, ниту одговорност кон идните генерации.

**Со даночна измама проневерени 94 милиони евра -** Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во врска со случајот „Крмзов“ води постапка против 23 физички и 15 правни лица, осомничени за злосторничко здружување, даночна измама, перење пари и несовесно работење. Според првичните проценки, штетата изнесува околу 90 милиони евра, а незаконските активности се реализирале преку фиктивни договори, манипулации со ДДВ и продажба на недвижности.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ 2025 ГОДИНА

**Претседателката на ДКСК направила упад во системот за класифицирани информации, колега полагал тест за да добие сертификат „државна тајна“ -** Обвинителството соопшти дека е поднесено обвинение против претседателката на Антикорупциската комисија Татјана Димитровска за оддавање на службени тајни на обвинет во случајот Адитив. Таа вадела и фотографирала податоци од предметите на Антикорупциската комисија кои се однесуваат на набавки на адитиви во енергетскиот државен сектор и за набавка на мазут на обвинетиот Небојша Стојановиќ, обвинет во предметот „Адитив“ и поранешен директор на ТЕЦ Неготино. Но, шпкантно е што при проверката на службениот телефон на Димитровска во рамките на истрагата било откриена дека таа и уште

еден државен службеник односно ревизор направиле фалсификкката и упад во системот за класифицирани информации. Димитровска „најмила“ колега-ревизор (таа пред функцијата претседател на ДКСК беше ревизор во ДЗР) кој со нејзини шифри и кодови влегувал и во нејзиното име ги следел предавањата и ги полагал тестовите за таа да добие сертификат „државна тајна“.

**Стари болки во нов извештај на ЕК за Македонија -** Да се почитува принципот на поделба на власта, да се спречат натамошни негативни последици од измените на Кривичниот законик, да се спроведе ефективна имплементација за антикорупциски реформи, за независно судство...Ова се само дел од наводите во Годишниот извештај на Европската комисија за владеење на правото за 2025 година. „Северна Македонија продолжи да ги спроведува судските реформи, но мешањето и притисокот од другите државни власти предизвикуваат сериозни загрижености во врска со независноста на судството“, се вели во извештајот.Од ЕК посочуваат дека сегашните основи кои може да доведат до разрешување на главниот обвинител, вклучуваат широки дефиниции, како што е „несоодветно однесување што го нарушува угледот на јавното обвинителство“, што остава простор за правна несигурност и политизација на разрешување на главниот обвинител.Комисијата наведува дека загриженост предизвикале и некои случаи во врска со почитувањето на независноста на судството и принципот на поделба на власта, а како еден од нив ги посочува најавите од владино ниво за „распуштање“ на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.

**Лекари, адвокати и останати службеници вплеткани во криминална мрежа со инвалидски пензии и добивање право за туѓа нега -** 36 лица осомничени за злоупотреби при доделување на права за туѓа нега и инвалидска пензија. По неколкумесечна истрага, од обвинителството тврдат дека осомничените, како дел од две криминални групи посредувале и овозможувале незаконско стекнување право за инвалидска пензија и туѓа нега за што наплаќале помеѓу 150 и 5.000 евра. Десетмина се товарат за злосторничко здружување, давање поткуп и примање награда за противзаконито влијание, петмина се обвинети за злосторничко здружување и примање поткуп, додека останатите 19 лица се обвинети за давање поткуп и давање награда за противзаконито влијание...

**Ревизија откри сериозни системски слабости во работењето на ФЗО во 2023-**Недоволна контрола и ИТ слабости го загрозуваат здравствениот систем и јавните финансии. Државниот завод за ревизија откри сериозни системски слабости во работењето на Фондот за здравствено осигурување за 2023 година, укажувајќи на отсуство на единствен интегриран систем за упати, лекарски извештаи и фактурирање. Недостатокот на соодветни контроли создава ризик за неправилно користење на јавните средства и ја поткопува ефикасноста на здравствените услуги, се вели во ревизорскиот извештај за 2023 година. **Државниот завод за ревизија утврди финансиски и системски неправилности кај Државното правобранителство -** Во конечните извештаи за Државното правобранителство на Република Македонија, се укажува на повеќе финансиски и системски неправилности. Евидентиран е недостаток на транспарентност и неправилности во постапките за јавни набавки, како и проблеми со ангажирање лица по договор на дело за работни места предвидени со систематизацијата. Системските слабости се однесуваат на недефинирани процедури за оценка на работењето и дисциплински мерки за правобранителите, регулирање на надоместоци за одвоен живот и нејаснотии во процесот на авансно плаќање и поврат на трошоци. **ДЗР: ЈП за стопанисување со спортски објекти не постои од 2017 година, а сепак сè уште работи -** Државниот завод за ревизија не може да ја потврди билнсната состојба на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт (ЈП) поради тоа што повеќе години наназад не е извршен попис на средствата, побарувањата и обврските и не е вршено усогласување на сметководствената евиденција со фактичката утврдена со попис, голем дел од документацијата на ЈП е изгубена поради поплава во деловните простории или одземена во истражни постапки од надлежни органи. **Недоволен буџет за здравствена заштита и застој во изградбата на нови болници, регистрираат ревизорите во извештајот за 2023 -** Ревизијата на Министерството за здравство за 2023 година утврди дека 23 програми за здравствена заштита се реализирале со недоволни средства, што влијае на ликвидноста на Јавните здравствени установи, отсуство на лекови во определени периоди и слабости во контролите, стои во извештајот на Државниот завод за ревизија. Исто така, капиталните проекти, вклучувајќи ги изградбата на нови клинички центри, се соочуваат со долгорочни застои и финансиски импликации на вкупната вредност на проектите, што влијае на достапноста и квалитетот на здравствените услуги за граѓаните. **Ревизија на Основен суд Прилеп: Нема одделение за внатрешна ревизија и нема одредби за утврдување плати -** Не е

воспоставена сметководствена евиденција и нецелосни податоци во апликацијата АКМИС за одземените парични средства и скапоцености и други одземени предмети и не е извршен попис на истите. Пописот на парите и обврските не е спроведен согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**ДКСК констатирала прекршок според Законот за спречување на корупција и судир на интереси кај професор и заменик директор на Институтот за сточарство -** Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) констатирала прекршок според Законот за спречување на корупција и судир на интереси кај професор и заменик директор на Институтот за сточарство и рибарство при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј". Членот на Комисијата, Зоран Богоевски, информираше дека ДКСК констатирала дека службеното лице сторило прекршок според Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Имено, имало деловни активности меѓу Институтот и одредено правно лице, кое било предмет на инспекциски надзор од страна на Инспекторатот. Од страна на Инспекторатот при инспекциски надзор било констатирано дека во правното лице, согласно на тековната состојба во Централен регистар, косопственик се јавувало лице, сопруга на службено лице вработено како професор во Институтот.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ 2025 ГОДИНА

**Иако беа најавени да се вратат поголемите казни за корупција во Кривичниот Законик до изборите истото не се случи -** Уставниот суд на 12 февруари со мнозинство од гласовите на тогаш деветте судии, одлучи да поведе постапка за уставноста на измените на Кривичниот законик, со кои во 2023 година се изврши упад во судството за да се ослободат од обвиненија за корупција поранешни функционери. Пред да ги укине или поништи измените, Уставниот суд прво му испрати извештај на Собранието дека има сомнеж во уставноста на законот. Судот му даде на Собранието рок да интервенира и да ги смени спорните одредби, односно за 6 месеци да ги врати избришаните казни за корупција, со кои застareа сите предмети на поранешното СЈО, а обвинетите беа амнестирани и граѓаните им исплаќаат сега стотици и стотици илјади евра за адвокатски трошоци. Во случај Владата и Собранието да не го стори тоа, во Уставниот суд требаше да се направи реферат за укинување или поништување на тие одредби, или на целиот закон за изменување на Кривичниот законик, кој се донесе на трети септември 2023 година. **На 12.08.2025 година истече рокот од максимални 6 месеци кој Уставен суд му ги даде на Собранието за да ги коригира спорните законски одредби за изменување и дополнување на Кривичниот Законик.**

**Општините лани потрошиле 190 милиони евра, во десетина локални самоуправи половина од тендерите ги добила една фирма -** Најновото истражување спроведено од Центарот за граѓански комуникации покажува дека осумдесетте општини и Градот Скопје во минатата година склучиле вкупно 4.006 договори за јавни набавки во вредност од 11,7 милијарди денари, односно околу 190 милиони евра, а во десетина општини само една фирма добила половина или повеќе од вкупниот број јавни набавки. Од Центарот потенцираат дека има десетина општини во кои само една фирма има добиено половина од вкупните набавки на општината за 2024 година. Тука се набројани општините Желино, Дојран, Врапчиште, Струмица, Бутел, Крушево, Старо Нагоричане, Зелениково, Липково, Могила, Арачиново, Босилово и Виница.

**Фондот за иновации финансирал 48 проекти за вештачка интелигенција вредни над 6 милиони евра, а ниту еден не функционира -** Државниот завод за ревизија изврши ревизија на информациските системи како ревизија на успешност на тема „Можности за употреба на Вештачка интелигенција во јавниот сектор” со цел да оцени дали јавниот сектор е подготвен за користење на вештачка интелигенција во своите активности и нотираше низа пропусти и недоволен развој на ВИ во државата и во јавниот сектор и посочи дека од 48 државно финансирани проекти за ВИ во вредност од над 6 милиони евра, ниту еден не е во функција. **ДЗР: ЈП „Национални шуми“ заглавени во долгови -** Национални шуми заглавени во долгови. Со кредити исплаќаат плати, вработени пак не ги извршувале задачите согласно договорот. Ова е констатирано во најновиот извештај на Државниот завод за ревизија. Во документот пишува дека претпријатието има акумулирани обврски од над 17 милиони евра и постојана зависност од револвинг краткорочен кредит за исплата на плати поради што претпријатието се соочува со сериозни финансиски тешкотии, намалена ликвидност и ризик за одржливост на работењето. **ДЗР: Нефункционални објекти, дотраена опрема и изгубена можност за остварување дополнителни приходи на**

**спортската сала „Борис Трајковски“ -** Нефункционални објекти и реквизити, затворен Аква парк, неизвесност околу иднината на соларниот систем и пропуштени можности за дополнителни приходи, утврди Државниот завод за ревизија (ДЗР) во Ревизијата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ за 2023 година.

**Досега 577 институции ги пријавиле возилата во ДКСК, над 900 сѐ уште не го сториле тоа -** Според податоците што ДКСК ги добила од Централниот регистар, има 1 511 правни лица што располагаат со државен капитал, министерства, општини, агенции, дирекции, фондови и други институции основани од државата. Уште 142 државни институции испратиле податоци до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) за службените возила со кои располагаат, со што вкупниот број на јавните установи што ја исполниле оваа обрвска се искачи на 577. Рокот за пријавувањето на возилата беше до 20 август што значи дека овие 142 установи го сториле тоа со задоцнување. Сепак, ова значи дека повеќе од 900 институции сѐ уште не доставиле податоци, односно обврската ја исполниле едвај една третина.

**Едно лице извршувало две неспојливи функции во Битола, платило глоба, но не се откажало од една од функциите -** Антикорупциската комисија постапуваше по предмет оформен по сопствена иницијатива за лице кое извршувало две несполииви функции. Имено, како што беше посочено на седница, лицето било член на Управен одбор на јавно претпријатие и член на Надзорен одбор на јавно претпријатие со седиште во Битола. Извршувањето на двете функции истовремено е спротивно на член 44 од Законот за спречување на корупцијата и претставува прекршок казнив согласно член 105 од истиот закон. На лицето му е издаден прекршочен платен налог и му било укажано дека мора да се откаже од една од функциите. Тој, ја платил глобата, но не доставил доказ дека се откажува од една од функциите информираа од Комисијата.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Повеќе од половина институции не доставиле податоци до ДКСК за службените возила -** Согласно Изборниот законик, јавните фондови, јавните претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал имаа обврска најдоцна до 18 август годинава, да достават податоци до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) за бројот, видот, регистарските таблици и возната состојба на службените возила. Вкупно 1.514 институции имаа обврска да достават податоци. До денеска, тоа го сториле 635 институции или 42 проценти, додека 879 институции, односно 58 отсто, воопшто не доставиле информации.

**Ревизија го разоткри Министерството за образование и наука – милионски долгови, недовршени студентски домови и скапани учебници во магацини -** Државниот завод за ревизија ја заврши ревизијата на финансиските извештаи и усогласеноста на Министерството за образование и наука за 2023 година. Резултатите од проверката се повеќе од загрижувачки – институцијата која управува со образованието покажува сериозни пропусти во речиси сите сегменти: од управување со капитални инвестиции, преку доделување стипендии и учебници, до ненаплатени долгови кои со години стојат „на хартија“.Државниот завод за ревизија откри низа неправилности меѓу кои и дека државниот студентски дом во Тетово, во кој се вложени милиони евра, е пуштен во употреба без технички преглед и без дозвола за користење.

**Сведок кој со посебни истражни мерки снимал корумпирани цариници обвинува дека идентитетот му бил откриен -** Човекот кој пријавил корупција на Царината и учествувал во посебните истражни мерки за со прикриен идентитет да ги сними цариниците како му бараат и земаат мито во акцијата со кодно име Премин во која беа уапсени 16 цариници, обвинува дека обвинителките го предале и им го откриле неговиот идентитет на најмалку двајца од уапсените. Сведокот камионџија, кој инсистира на анонимност, вели дека со тоа му е загрозена безбедноста, затоа што сега обвинетите знаат кој ги пријавил и кој ги снимил. Тој минатата година пријавил дека цариници постојано му бараат мито, па истражителите му поставиле камери за да го сними барање и давањето мито. Во Обвинителството велат дека процедурите не биле нарушени и оти не е загрозена безбедноста на ниту еден сведок.

**Потпис од 16 лекари кои не отстапуваат: Со парите што одат од Фондот за здравствено осигурување ќе изградевме нов клинички центар -** Во документот на кој се потпишаа 16

кардиолози и кардиохирурзи од државните клиники, кој заедно со осумте досиеја на пациенти на кои им биле извршени кардио-операции на приватна клиника, ги доставија до Министерство за здравство и до ФЗО, стои дека тоа се случаи кај кои се констатирани „одредени неправилности во индикациите за оперативен третман“.Што значи тоа, прашавме некои од потписниците? Одговорот што ни беше проследен е краток и јасен: „Дека нема вистинска причина за операција, според медицината базирана на докази“. Тоа значи дека во овие осум случаи, според 16-те наши кардиохирурзи и кардиолози, непотребно биле извршени операции, а потоа истите биле наплатени од Фондот за здравствено осигурување. Овде не станува збор за стентирање за што ФЗО нема договор со приватните клиники, вели нашиот извор, туку за класични операции.

**Секој трет граѓанин имал допир со корумпиран службеник -** Секој трет граѓанин имал допир со корумпиран службеник, покажува истражувањето на Факултетот за безбедност. На научна конференција посветена на оваа тема беше укажано дека системската корупција претставува сериозна безбедносна закана, затоа што со инфилтрација на корупцијата во институциите, тие се парализираат. „Резултатите се фрапантни. Секој трет граѓанин или негов роднина имал допир со корумпиран службеник. Од тој аспект треба да имаме посеруиозен пристап кон ова прашање, како безбедносна закана за државата“, вели Јонче Ивановски, декан на Факултет за безбедност.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

**Суспензии и предистрага: Се шири истрагата за „Пулс“ -** УЈП суспендираше неколкумина вработени, откако Јавното обвинителство води предистрага за пожарот во дискотеката во Кочани со нови докази, со која се опфатени повеќе институции. „Со поднесувањето на обвинението за пожарот во т.н. кабаре „Пулс“ во Кочани, не завршија и истражните постапки за други инкриминирачки дејствија поврзани со други лица и институции“, вели државниот јавен обвинител Љупчо Коцевски.

**Разрешен апелацискиот судија Енвер Беџети кој беше ставен на американската црна листа -** Судскиот совет го разреши судијата Енвер Беџети од Апелациския суд Скопје. Тој лани се најде на црната листа на САД под сомнежи дека зел мито за судскиот процес за масовното прислушување во кој беше обвинет поранешниот директор на УБК Сашо Мијалков. Во образложението на советот пишува дека е разрешен поради потешка дисциплинска повреда со што тој е недостоен за функцијата – судија.

**Само третина од учесниците во изборната кампања поднеле извештаи за донации -** Извештаи за примени донации доставија 35 отсто од вкупниот број на учесници во изборната кампања, соопшти Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). „Согласно рокот за доставување на Извештај за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања, за период од отворање на сметката до 11-от ден од изборната кампања односно заклучно со 9 октомври 2025 година до 24 часот, до ДКСК се доставени вкупно 61 извештаи, што изнесува нешто над 35 отсто од вкупниот број на учесници во изборниот процес“, соопшти ДКСК.

**Владеењето на правото во Македонија стагнира -** Македонија годинава е на 64 место од вкупно 143 земји на светската листа за владеење на правото, во друштво со Гана, Аргентина, Казахстан и Монголија. Според критериумот ограничување на моќта на властите, земјата е на 80 место со оценка 0,50, според отсуството на корупција на 69. место со индекс 0,47, а според транспарентност на Владата на 66 место со оценка 0,51. Според основните права на 53-та позиција со оценка 0,63. Кога станува збор за критериумот ред и безбедност, Македонија на 44-то место со оценка 0,80, според спроведување на регулативи на 89-та позиција со 0,46, според граѓанска правда на 78 место со индекс 0,51 и според **кривична правда** на 70 место со 0,46 поени. Проектот на Светскиот проект за правда (World Justice Project) Индекс на владеење на правото е светски извор на оригинални, независни податоци за владеење на правото и алатка за унапредување на

реформите за владеење на правото, глобалниот развој и деловните инвестиции низ целиот свет.

**Ревизија: „Пошта“ со загуби и зголемен број на вработени -** Државни „Пошта на Македонија“ повторно на удар на ревизорите поради континуирани финансиски загуби и зголемени трошоци за ангажирање лица по договор. И покрај намалените трошоци за плати, во 2024 година бројот на вработени пораснал на 2.267 лица, додека трошоците за хонорарци скокнале за речиси 29 милиони денари споредено со претходната година. Ревизорите нотираат и сомнежи околу наплатливост на побарувања во висина од над 50 милиони денари и преценети приходи од поштенско работење со странство.Во извештајот се истакнува дека понатамошното функционирање на „Пошта“ зависи од финансиската поддршка од државата, поради високите трошоци и сѐ поизразениот недостиг на ликвидност.

## “МАТНИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Комисијата на Министерството за здравство откри: 10 од 19 операции биле непотребни -** Првичната анализа на комисијата која ги истражува случаите за малверзации со кардиохируршки зафати покажува дека од 25 испитани случаи, 10 операции биле извршени без основа, додека шест случаи ќе бидат проследени до Државниот здравствен и санитарен инспекторат, бидејќи комисијата нема надлежност за нив. Од вкупно 19 случаи што беа детално разгледани, речиси половината се оценети како непотребни. Комисијата најави и втора фаза на анализата, која ќе вклучува влегување во институциите и детално разгледување на кардиоваскуларното лекување на пациентите. Реакцијата на здравствените власти доаѓа откако д-р Сашко Кедев рече дека во приватни клиники се прават непотребни операции за профит.

**Европска Комисија: Независноста и финансиската автономија на судството се поткопани од другите гранки на власта -** Генерално, нема напредок. Вака Европската комисија сумирано ја оценува Северна Македонија во делот кој се однесува на судството и фундаменталните права во Извештајот за напредокот на земјата кон Европската Унија за 2025 година. Во делот за борба против корупцијата, оценката на Европската Комисија (ЕК) е идентична со онаа за судството, односно дека земјата е „помеѓу одредено и умерено ниво на подготовка и не постигна никаков напредок во превенцијата и борбата против корупцијата“. Во Извештајот за 2025 година се нотира и дека трагедијата во т.н. кабаре „Пулс“ во Кочани открила трајни системски предизвици во врска со, како што се наведува , спроведувањето на антикорупциските мерки. Обвинението против претседателката на Државната комисија за спречување на корупцијата, Татјана Димитровска, што доведе до нејзина оставка, е уште еден сегмент на кој се осврнува извештајот, а кој, според ЕК, го довел во прашање кредибилитетот на оваа институција. Европската комисија, во овој контекст, дава критички препораки до Антикорупциска, што треба да ги преземе во рамките на своите надлежности.

**Индустријата сега може да гори каков отпад сака и тоа законски да го крие од граѓаните како „деловна тајна“ -** Пратениците во Собранието го изгласаа Законот за контрола на индустриските емисии, кој треба да го регулира загадувањето од индустриските капацитети во земјава. Од организацијата Зелен хуман град (ЗХГ) велат дека законот е скандалозен и дека со него им се дава можност на индустријалците и бизнисмените да кријат каков отпад горат во нивните фабрики, под превезот на „деловна тајна“.„Индустријата ќе има право да скрие информации кои се однесуваат на дизајнот односно на дејноста или активностите на зградата или инсталацијата, составот или употребата на одредени суровини, хемикалии или други материјали или производи ако тие бидат класифицирани како деловна тајна! Тоа би значело дека обичниот граѓанин ќе нема право да знае дали Усје, на пример, гори отпад, гуми или некој друг токсичен елемент! Мерките што се преземаат за да го намалат уништувањето на животната средина што би се констатирало при затварање на инсталацијата може да се скриени како информација (член 24, став 8).

**ДЗР: Агенцијата за филм ги повторува истите неправилности, работи без стратегија и внатрешна контрола -** Слабостите во работењето и неправилностите во Агенцијата за филм не се надминати и се повторуваат, заклучува Државниот завод за ревизија (ДЗР) во Конечниот ревизорски

извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2024 година. Ревизијата утврди дека продуцентите кои добиле средства по конкурси, а чии филмови се завршени и имаат премиера, не ја доставуваат комплетната документација за докажување на остварената бруто добивка од филмските проекти. **Неправилности во работењето на прилепската болница во 2024, утврдил Државниот завод за ревизија -** Прилепската болница „Борка Талески" потрошила средства без почитување на релевантната законска регулатива, особено во спроведувањето на јавните набавки со неправилности во благајничкото работење, односно при располагање со средствата во готово, утврдил Државниот завод за ревизија со ревизијата направена за 2024 година.
Државниот завод во извештајот изразил неповолни мислења во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со законската регулатива.

**Компанија основана лани доби државен тендер од 8 милиони евра — има двајца вработени -** Иако фирмата „Дигитал оне" е основана дури во август 2024 година, резултатите ѝ биле исклучително добри и остварила приход од околу 570.000 евра, а нето добивка од приближно 17.400 евра. Компанијата „Дигитал оне", основана лани, досега освоила шест тендери, од кои четири од Генералниот секретаријат на Владата, објави „Фактор".Последниот тендер што „Дигитал оне" го добила, за софтверски лиценци за виртуелна платформа, изнесува над 8 милиони евра и претставува рамковна спогодба што ќе важи до 2028 година. По години, планираните износи се: околу 16.300 евра за 2025 година, за 2026 година приближно 2,26 милиони евра, за 2027 година околу 2,28 милиони евра, за 2028 година околу 2,28 милиони евра. На 14 мај компанијата првпат склучила договор со државна институција и тоа со Генералниот секретаријат на Владата. Тогаш биле потпишани два големи договори: еден во вредност од речиси 11 милиони евра и уште еден од околу 10 милиони евра, за набавка на информатичка опрема, резервни делови и потрошен материјал.

**ОДИХР нотира нееднакви услови за помалите партии и независните кандидати -** Вториот круг од локалните избори бил согласно стандардите на ОБСЕ и на меѓународните стандарди, е прелиминарниот заклучок на Мониторинг мисијата на ОДИХР за локалните избори при што се констатира дека вториот круг од изборите понудил различни политички опции како кандидати за градоначалници, но не сите од нив имале еднаков пристап до платената политичка програма. Мониторирање на медиумите во вториот круг покажа дека целокупното покривање продолжи да биде балансирано, но доделувањето на средства за платено политичко рекламирање беше во корист на големите партии што ги стави во подредена положба помалите партии и независните кандидати", изјави Матео Мекачи, шеф на набљудувачката мисија на ОДИХР. Изборната легислатива во земјава, според ОДИХР, овозможува техничка основа за демократски избори, но постојат бројни недоследности и празнини поврзани со изборната администрација, пристапот до медиумите и систем за решавање на изборни спорови. ОДИХР и во вториот круг констатираше дискриминација на помалите партии за платено политичко рекламирање. **Антикорупциска бара прецизни правила за медиумско претставување во изборните кампањи -** Двосмислена терминологија која може да се толкува различно, нецелосна опфатеност на сите учесници во изборната кампања и неусогласеност на дефинирањето на учесниците во кампањата со рекламниот простор во електронските медиуми. Ова се трите регулаторни ризици кои Антикорупциска ги утврдила во Изборниот законик во делот за медиумско претставување. Извештајот од антикорупциската проверка на одредби од Изборниот законик, ДКСК ќе го достави до институциите со цел да се направи усогласување на одредени членови за да се прецизира дефинирањето на учесник во изборна кампања, но и рамноправен пристап до платено политичко рекламирање за сите учесници.

## "МАТНИ" НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Поранешниот државен правобранител, примил 50.000 евра за да влијае врз судија во Апелациониот суд -** Полициски службеници по наредба на јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција го лишија од слобода Ф.С. поради сторено кривично дело – Примање награда за противзаконито влијание. Во периодот од октомври до 13.12.2025 година осомничениот примил вкупен износ од 50.000 евра за да посредува и да го искористи своето реално влијание за да интервенира кај судија во Апелациониот суд Скопје и за со поткуп кон судијата да влијае за да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши.

**Реакции за Кривичниот законик – законски измени за уште поголема некaзнивост на функционерите -** Измените ги намалуваат максималните казни во споредба со стариот Кривичен законик од пред 2023 година, што ги скратува роковите за застарување и го стеснува просторот за ефективно гонење сложени корупциски предмети, особено оние што се откриваат по подолг временски период, а не го штитат ниту буџетот од злоупотреби, велат од Платформата на граѓански организации и од Блупринт групата. Предлог-измените на Кривичниот законик се еднакво лоши, ако не и полоши од претходните, создаваат правна несигурност и ризик од институционална конфузија во преоден период и од амнестија во иднина, реагира правната фела, откако по многу месеци чекање и мислење, деветмина пратеници од владејачката партија, која остро ги критикуваше скандалозните измени од 2023 година, до Собранието достави свои предлози.

**Различни аршини во интервјуата на кандидатите за судија во Стразбур -** Невладините кои ја следеа фазата на интервјуа на кандидатите за македонски судија во судот во Стразбур нотираат слабости во методологијата и транспарентноста на процесот, конфликт на интереси и силни сомнежи за усогласеноста со стандардите на Советот на Европа за транспарентен и непристрасен избор. Претседателот на Комисијата, Дарко Костадиновски само делумно се согласува со извештајот. Кандидат за судија на Северна Македонија во Европскиот суд за човекови права на интервјуто пред Комисијата за избор ги читал повеќето од одговорите од тефтер, сведочат претставници на мрежата невладини организации, Блупринт група за реформи во правосудството, кои добија можност да ја следат единствената фаза во процесот за избор, а тоа се интервјуата со кандидатите. Ваквиот потег за нив остава сомнеж дека кандидатот имал спремни одговори, бидејќи тој бил дел и во претходната, поништена постапка од Владата.

**Ревизија откри сериозни неправилности во работењето на Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) – судир на интереси и неподмирени 13,9 милиони евра -** Државниот завод за ревизија утврди сериозни слабости во финансиското работење на Фондот за иновации и технолошки развој за 2024 година. Ревизијата покажува дека ФИТР нема воспоставено централизирана база за следење на доделената финансиска поддршка, ниту систем за евалуација на резултатите од завршените проекти. На крајот на годината, фондот пријави и неподмирени обврски од речиси 13,9 милиони евра, а дел од обврските не биле навремено евидентирани. Освен финансиските неправилности, ревизијата укажа и на слабости во управувањето со јавните повици и распределбата на стручни лица за евалуација на проекти. **Без каса-прими и без благајничка евиденција – Финансиска полиција истражува во Државна лотарија според дел од ревизорскиот извештај -** Се истражува дел од ревизорскиот извештај што укажува на сериозни нерегуларности со готовина – стотици илјади евра дневен промет без уплати на сметки, без каса-прими и без благајничка евиденција. Во 2024 година според ревизорите имало околу 750 илјади евра остварен дневен пазар. Тие утврдиле дека не е извршена уплата на овие пари кои Лотарија ги зема во кеш на ниту една сметка во банките кои ги има, иако по закон тоа требало да го прави најдоцна после еден ден од земањето на уплатите. Ревизорите утврдиле дека нема ниту каса прими за готовината која се зема од играчите на игрите на среќа, ниту пак пракса да се води посебна книга на благајна за секој ден во кој е остварен промет. **ДЗР утврди неправилности во работење на Министерството за економија и труд – за прекршочни предмети и неуплатени над 2 милиони евра во Буџетот -** Државниот завод за ревизија утврди сериозни неправилности во работењето на Министерството за економија и труд за 2024 година, вклучувајќи застарени прекршочни предмети и неуплатени средства во државниот буџет од над 2 милиони евра. Поради застареност, донесени се над 1.500 решенија за запирање на постапки, што директно влијаело на намалени буџетски приходи. Дополнително, во извештајот на ревизорите утврдени се пропусти во јавните набавки и во процесот на издавање лиценци и категоризација на угостителските објекти, без целосни контроли и навремен инспекциски надзор.

**Институцијата за контрола на исполнувањето на законските права на граѓаните, во колапс! -** Една од клучните институции, Народен правобранител, која треба да се грижи за уставните и законските права на граѓаните пред колапс и дисфункционалност. Вработените во оваа институција наместо да се грижат и да алармираат за заштита на човековите слободи и права доведени се во позиција да алармираат дека најповикано е Собранието, кое подолго време не е во состојба да избере нов Народен правобранител. Заменик народниот правобранител, Илбер Руфати, вели дека за состојбата информирани се сите страни, од претседател на држава до дипломатските претставништва во државата и странските мисии. Немањето консензус за гласање по принципот на

Бадентер, што е неопходно за избор на функцијата е меѓу клучните проблеми поради која вработените од во Народниот правобранител прашуваат дали државата има потреба од ваква институција или не?

**Над 90 милиони евра за боледувања, ФЗО откриле злоупотреби, во јавниот сектор најмногу сомнителни -** Досега исплатени над 90 милиони евра од Фондот за здравство за боледувања подолги од 30 дена. Од Фондот за здравство констатирале и злоупотреби. Дел од оваа сума се за оние кои заминале на трудничко, другите пари за оние кои отвориле боледување поради други болести. Од ФЗО тврдат дека до нив пристигнале и барања од институции за да направат контроли, поради тоа што имало лица кои со месеци се на боледување и не одат на работа. Рекорден број на барања за контрола пристигнале од МВР.

**Штип, Кичево, Струга и половина скопски градоначалници не поднеле имотен лист -** Триесет и пет поранешни и 19 нови градоначалници не поднеле изјава за имотната состојба и интереси по локалните избори одржани на крајот на октомври и почетокот на ноември, констатирала Државната комисија за спречување на корупцијата. Сепак, дел од имињата од двата списока се преклопуваат, зашто се работи за старо-нови градоначалници. Некои, пак, поднеле како нови функционери, но не го поднеле истиот како поранешни. Меѓу најзвучните имиња кои не поднеле анкетен лист се поранешната градоначалничка на Скопје Данела Арсовска, но и новиот градоначалник Орце Ѓорѓиевски. Тој има обврска да пријави и како поранешен градоначалник на Кисела Вода и како нов градоначалник на Скопје.

**Две фирми цела деценија се главни на тендерите во здравството, покажува истражување на ЦГК -** Овие компании, според анализата, имаат значително влијание врз пазарот, што го отежнува влезот на нови понудувачи. Според анализата, вкупната вредност на јавните набавки во здравството се зголемила повеќе од двојно – од околу 135 милиони евра во 2015 година на речиси 293 милиони евра во 2024 година. За разлика од тоа, бројот на компании што добиле договори се зголемил само за 12 проценти, што укажува дека растот на средствата не донел и поголема конкуренција. Истражувањето покажува дека сè поголем дел од јавните пари се концентрираат кај мал број добавувачи. Во 2024 година, десетте најголеми компании добиле околу 49 проценти од вкупната вредност на договорите во здравството. Овој степен на концентрација, според авторите на анализата, е индикатор за ограничена конкуренција и зголемен корупциски ризик.

# “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА 2025 ГОДИНА

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА

**Полицајци барале поткуп па си го делеле меѓу себе: Обвинение за 16 лица во предметот Премин** - По спроведената истражна постапка во предметот под кодно име Премин, надлежниот јавен обвинител до Основниот кривичен суд Скопје достави Обвинителен акт против 14 лица и Обвинителен предлог против две лица. Според наводите содржани во диспозитивот на обвинителниот акт 13 царински службеници од кои едниот е во пензија и полициски службеник се обвинети дека како соизвршители сториле продолжено кривично дело Примање поткуп предвидено и казниво по член 357 од КЗ. Деветмина од обвинетите сториле и продолжено кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 КЗ.

**Поранешен директор на комунално претпријатие во Гази Баба фиктивно ангажирал сезонски работници – поднесено е обвинение** - Скопското Основно јавно обвинителство поднесе обвинителен акт против поранешен в.д. директорот на Јавното комунално претпријатие „Гази Баба 2007“, кој се товари дека преку фиктивни договори за ангажирање сезонски работници за себе присвојувал пари што му биле доверени во службата. Според Обвинителството, договорите биле заведени под ист деловоден број и имале потпис само од обвинетиот, а сезонските работници во периодот за кој наводно биле ангажирани и примале хонорар, се наоѓале надвор од државата.

**Побарал 150 евра да се почести – уапсен хирург по примање поткуп за операција во Клиничката болница во Битола** - Шеесет и четиригодишниот битолски хирург, М.С. е уапсен откако примил поткуп по операција што ја извршил врз жолчно ќесе на пациентка во Клиниката болница во Битола. Тој побарал 150 евра индиректно, преку друго лице, од синот на пациентка, за да се почести за извршената работа, соопшти обвинителството. Потоа во просториите на Болницата вчера синот во плик му дал на лекарот три банкноти по 50 евра, кои биле обележани. Откако ги примил, околу 17 часот, полициски службеници по извршениот претрес, ги пронашле парите, а М.С. е лишен од слобода.

**Полицаец зел 50 евра поткуп за побрзо вадење на пасош: „Знаете дека ние не се трудиме џабе” – и’ рекол на оштетената -** Според информациите од Обвинителството, вработениот во Отсекот за странци и реадмисија, на 16 јануари во службените простории ја повикал оштетената која ја изгубила патната исправа и требало да извади нова. Притоа без да изврши проверки за претходно изгубениот пријавен пасош и да ги запази работните процедури ѝ дал уплатница за да уплати за издавање на нова. Откако го уплатила износот, оштетената се вратила во просториите на Одделот за управни работи и на осомничениот му ја предала уплатницата. Откако го прашала за временскиот рок на постапката за издавање, полицаецот одговорил дека се чека од 6-12 месеци, на што жената негодувала, а осомничениот со гестикулации протривајќи ги прстите ѝ покажал дека треба да плати 50 евра за услугата велејќи „Знаете дека ние не се трудиме џабе”.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА

**Уставните судии едногласно ја прифатија иницијативата на обвинителката Ленче Ристоска против Деловникот на Советот на Јавни Обвинители направен заради себеунапредување -** Уставниот суд едногласно ја прифати иницијативата на обвинителката Ленче Ристоска да се поведе постапка за испитување на уставноста на Деловникот на Советот на јавни обвинители, кој пропишува дека иако не работат на предмети, додека се 4 години на функција во Советот стажот им се смета како позитивно оценет. Со таа висока позитивна оценка, член на

Советот на јавни обвинители од редот на обвинителите, кога ќе излезе оттаму, може да конкурира за унапредување. „Од ова придобивка имаат самите членови кои по завршување на мандатот во Советот на јавни обвинители се унапредени во повисоки позиции во јавните обвинителства“, се наведува во иницијативата. Ристоска беше оценувана дури и кога беше на породилно отсуство со близнаци, па ѝ беше забележано дека во тој период немала сработено предмети. Таа доби случај против Советот пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Само затоа што таа го критикуваше гласно и јавно Советот на јавни обвинители, беше сменет Кодексот на обвинителите, им се забрани да зборуваат без одобрение на шефот. Под притисок на домашната и меѓународната јавност, таа цензура потоа беше повлечена.

**Директор и шестмина вработени во тетовското Социјално ќе одговараат за злоупотреби** - СВР Тетово поднесе кривична пријава против седуммина вработени во Центарот за социјални работи во Тетово, поради постоење основи на сомнение за злоупотреба на службената положба, несовесно работење и фалсификување документи, со што овозможиле незаконска исплата од 289.495 денари, соопшти полицијата.

**ОЈО: Извршени се претреси на 16 локации, се истражуваат наводите за незаконски договори кои вклучуваат јавни набавки** - По наредба на јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје, Министерството за внатрешни работи почна предистражна постапка за злоупотреби поврзани со јавни набавки за сервисирање на службени возила. Истрагата вклучува дел од вработените во Одделот за општи и заеднички работи на МВР, кои се осомничени за злоупотреба на службената должност и договори со економски оператори. „До овој момент, извршени се претреси на 16 локации, по наредба од судија на претходна постапка и во согласност со барањето на јавниот обвинител. Постапката е во рана фаза, и затоа во моментов не можеме да соопштиме повеќе детали. Меѓутоа, целта на истрагата е да се истражат наводите за злоупотреба и незаконски договори кои вклучуваат јавни набавки“, велат од Обвинителство.

**Кривична пријава за поранешниот в.д. директор на болницата во Охрид** -Полицијата поднесе кривична пријава против поранешниот директор на Општата болница во Охрид, поради злоупотреба на службената положба и овластување. Според СВР – Охрид, поранешниот в.д. директор со пропуштање на должен надзор и без постоење правен основ, на четворица вработени во ЈЗО, кои немале решенија за раководна позиција, им определил коефициент на раководење и одговорност, со што на штета на болницата им овозможил право на повисока плата во вкупна вредност од 257.920 денари.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2025 ГОДИНА

**Граѓански организации бараат транспарентна истрага за Кочани -** Граѓанските организации за борба против корупција бараат транспарентна истрага за пожарот во Кочани, како и реформа на казнена политика. Тие повикуваат на одговорност на институциите и компаниите, на теренски проверки при вонреден надзор, како и контрола на имотната состојба на инспекторите. Според Платформата на граѓански организации за борба против корупција, потребна е и ревизија на постапките за добивање дозволи и лиценци, вертикална одговорност и итно постапување по насоките на Државната комисија за спречување корупција и Државниот завод за ревизија. „Корупцијата во Северна Македонија е закана за животот и безбедноста на граѓаните, а не само злоупотреба на јавни средства. Трагедиите како пожарот во Кочани, Ласкарци, „Беса Транс“, и модуларната болница во Тетово се директна последица на системски пропусти, политичка заштита, некомпетентни вработувања и институционална негрижа. И покрај континуираните ветувања за реформи, не се спроведени суштински промени во контролата, инспекциските

механизми и законската одговорно", посочија од платформата на прес-конференција во Скопје.

**Вработени во „Национални шуми" и сопственик на фирма добија кривични пријави, осомничени се за злоупотреби -** „СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.В.(43), управител во правно лице од с.Горно Добреноец, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување службена исправа", против С.С.(41) – соработник за евиденција на побарувања и обврски во ЈП „Национални шуми", В.Р.(58) – финансиски оперативец во ЈП „Национални шуми" и против З.К.(65) – поранешен директор во ЈП „Национални шуми" – Подрачно шумско стопанство Лопушник во Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Во текот на 2022, 2023 и 2024 година, по претходно склучен Договор за транспорт на дрвни сортименти помеѓу ЈП „Национални шуми" и правното лице, првопријавената доставила фактура до ЈП „Национални шуми" Подрачно шумско стопанство Лопушник во Кичево, во која внела три испратници за превоз со невистинита содржина за услуга која не била извршена од нивна страна, за реализиран транспорт на дабово огревно дрво. Додека, останатите пријавени со пропуштање на должен надзор не ги увиделе неправилностите и фактурата со невистинита содржина ја примиле, процесуирале и исплатиле и на тој начин нанеле штета на ЈП „Национални шуми", пишува во полициското соопштение.

**Кривична за директор на основно училиште во Делчево, ја злоупотребил положбата и овластувањата -** Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Г.В.(48) од Делчево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување" по член 353 став 3 и став 1, а во врска со член 45 од Кривичниот законик. Пријавениот Г.В., како директор на општинско основно училиште во Делчево, искористувајќи ја својата службена положба и овластување, во периодот од 01.09.2021 до 19.10.2021 постапил спротивно на член 77 и член 49 од Законот за јавни набавки.

**Кривична пријава против полициски службеник за примање поткуп -** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи до надлежното Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција поднесе кривична пријава против полицискиот службеник С.Ф. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „примање поткуп".Како што информира денес МВР, на 15 декември 2024 година на Граничниот премин Долно Блаце, пријавениот С.Ф., полициски службеник во Полициската станица за граничен премин Долно Блаце побарал и примил пари за да изврши службено дејствие кое не смеел да го изврши.

## "БИСТРИ" НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2025 ГОДИНА

**Обвинителството отвори предистрага за дупката од 7,3 милиони евра во Агенцијата за одземен имот што ја откри Државниот завод за ревизија -** Недостасуваат 7 милиони евра во државниот буџет, кои од страна на Агенцијата за одземен имот не биле уплатени, а се од продаден имот стекнат на криминален начин. Овој имот е запленет со правосилни судски пресуди, зашто е стекнат со криминал и со него управува Агенцијата, која не смее да ги злоупотребува парите од неговото отуѓување. Во извештајот на Државниот завод за ревизија (ДЗР) има утврдено многу неправилности во работењето на Агенцијата. Сите овие работи ќе ги испита Обвинителството.

**Кривична пријава за тешки дела против општата сигурност за 10 полициски службеници -** Десет полициски службеници од Кочани и Штип добија кривични пријави за непостапување според мерките и прописите за заштита и не извршување целосна проверка пред издавањето на лиценца за работа на кабарето „Пулс" во Кочани, каде пред еден месец во трагичен

пожар животите ги изгубија 61 лице. Како што информираа од Министерството за внатрешни работи, пријавените до Министерството за економија тврделе дека објектот поседува елаборати за заштита од пожар и нема пречки за јавниот ред и мир и сообраќај. - Службените лица овозможиле правното лице ДПТТУ „Класик ДМ“ ДООЕЛ Кочани да се стекне со лиценца за вршење на угостителска дејност - кабаре „Пулс“ во Кочани на начин што не постапиле според прописите за мерките за заштита и не извршиле целосна проверка пред да биде издадена позитивната согласност за издавање на лиценца за кабаре, со што предизвикале опасност за животот и телото на луѓето на место каде што се собираат поголем број луѓе.

**Управител на скопска фирма затаил данок од над 12 милиони денари -** Управата за финансиска полиција до Основното јавно обвинителство Скопје поднела кривична пријава поради основи на сомнение за сторено кривично дело Даночно затајување по член 279 став 2 од КЗ. Пријавениот во својство на управител и сопственик на правно лице, свесно и со однапред утврдена намера со цел да се стекне со противправна имотна корист за себе и за правниот субјект, набавената трговска стока, неосновано ја присвоил и не ја евидентирал во сметководствената евиденција. Со намера да ги прикрие инкриминираните активности, се додава во соопштението, пријавениот не изготвил и не поднел Завршни сметки за 2021 година, 2022 година и 2023 година, до Управата за јавни приходи и до Централниот регистар на Република Северна Македонија со што не пресметал, не пријавил и не уплатил даноци по разни основи во вкупен износ од 12.079.019 денари, за кој износ го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија. **Поднесена кривична против двајца струѓани за затајување данок од над 5,6 милиони денари** - Управата за финансиска полиција до Основното јавно обвинителство Струга, поднесе кривична пријава против две физички и едно правно лице поради основи на сомнение за сторено кривично дело Даночно затајување. Првопријавениот во сметководстваната евиденција ги евидентирал влезните фактури и креирал побарување за ДДВ кое го употребил за пребивање односно намалување на Обврските за ДДВ со што нанел штета на Буџетот на Република Северна Македонија по основ на ДДВ по пресметковна стапка од 15,2542% во износ од 5.632.920 денари“, информираат од Финансова полиција.

**Пензионирани службеници од МВР обвинети за прикривање судски пресуди и нанесување штета од над 3,3 милиони денари -** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР до Основното јавно обвинителство – Скопје поднесе кривична пријава за кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување“ по член 353 став 4 во врска со став 1 од Кривичниот законик. Првопријавената како службено лице во текот на 2021 и 2022 година не ја извршила својата службена должност на начин што не спровела правосилни пресуди на надлежен суд, со кои било одлучено за прекинување на договорите за вработување на две вработени лица и дозволила истите да продолжат да работат во Министерството за внатрешни работи. Второпријавената во својство на овластено службено лице кога предметните пресуди пристигнале во Секторот со која таа раководела, не ги прочитала со внимание и ги предала да бидат заведени во Деловодникот на Секторот за правни работи и заштита на лични податоци, без притоа соодветно да реагира и да ги врати пресудите до првопријавената , со цел да бидат проследени до надлежниот Сектор за управување со човечки ресурси и обуки заради постапување.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2025 ГОДИНА

**Разрешен Енвер Беџети, судијата кој заедно со Артан Груби заврши на црната листа на САД поради сомнежи за мито во судски предмет за Сашо Мијалков -** Судски совет го разреши апелациониот судија Енвер Беџети, одлуката е донесена на попладневниот затворен дел на седницата. Судскиот совет еднаш го казни парично Беџети кој 9 месеци го чуваше предметот Таргет Тврдина. Откако судијата се најде и на црната листа на САД лани, Судски Совет повторно отвори постапка против Беџети. Тој има право на жалба, но е суспендиран до правосилност на одлуката. Беџети се најде на црната листа на САД заедно со поранешниот вицепремиер Артан Груби кој сега е во бегство. Беа посочени за мито при одлучување на Беџети во предмет за Сашо Мијалков односно за масовното нелегално прислушување. Предметот застаре откако предолго помина во рацете на Беџети.

**Врховен суд ја прифати како законска тајната снимка со која аптекарот од Онкологија беше осуден за примање [поткуп](#) од починатата пациентка Минка Веизовска -** Пациентката од Клиниката за онкологија Минка Веизовска, која имаше рак на белите дробови го пријави аптекарот од болничката аптека на Клиниката дека ѝ барал пари, за да му даде биолошка терапија „кејтруда“ која инаку ѝ следувала со специјалистички извештај беспари. Веизовска почина за време на траењето на судскиот процес, но Јавното обвинителство по службена должност продолжи со постапката против фармацевтскиот техничар што заврши со правосилна осудителна пресуда со која тој е осуден за примање поткуп и треба да одлежи две години затворска казна. Меѓу доказите со кои тој беше осуден, во судница беше изведена и тајна снимка што ја снимила самата Веизовска, скришно од својот мобилен телефон, а на која се слушаат гласови и се слуша дека некој бара пари за терапијата.

**Уставен ги [укина](#) членовите од Изборниот законик со кои се крена прагот за собирање потписи за независните кандидати -** Уставниот суд ги укина членовите од Изборниот законик со кои се зголемија квотите на граѓански потписи кои требаше да ги соберат независните кандидати и листи што планираат да учествуваат на избори. Корпусот на измени на Изборниот законик, меѓу кои и овие, беа донесени во март минатата година, во пресрет на ланските претседателски и парламентарни избори, а требаше да важат и за овогодинешните локални избори. Судијата известител за овој предмет изрази сомнеж за ваквите измени од уставна гледна точка, односно дека со нив се повредени темелните вредности на Уставот, правната сигурност и предвидливост, начелото на владеењето на правото, а дека дополнително постои сомнеж за нарушување на политичкиот плурализам.

**[Кривични](#) пријави за директор и раководител на одделение во М-НАВ – го оштетиле буџетот на компанијата за речиси 1,5 милиони денари -** Управата за финансиска полиција до Основното јавно обвинителство Скопје поднесе кривична пријава против осомничен во својство на поранешен Извршен директор на Сектор за Воздухопловна Техника во Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје поради основи на сомнение за сторено кривично дело „ Злоупотреба на службена положба и овластување член 353 став 2 од Кривичниот законик и против уште еден осомничен во својство на в.д. Раководител на одделение за јавни набавки во Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје поради основи на сомнение за сторено кривично дело „ Несовсено работење во службата член 353-в став 2 од Кривичниот законик.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ 2025 ГОДИНА

**За девет месеци, Финансиската полиција поднела [36 кривични пријави](#) и открила криминал тежок 30 милиони евра -** Во изминатиот период откриени се големи случаи со милионски штети на буџетот, изјави директорот на Финансиската полиција, Слободан Ивановски. по повод 22 години од формирањето на институцијата. Директорот најави дека во следниот период ќе ги интензивираат и финансиските истраги, што ќе значи утврдување, лоцирање и замрзнување на имотот кој што е пренос од казниво дело.

**Арсовска поднесе пријава за 20 [дивоградби](#) во Чаир -** Скопската градоначалничка, Данела Арсовска, поднесе кривична пријава за 20 случаи на незаконски легализации на дивоградби во општина Чаир. Арсовска ја поднесе пријавата во Обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција и наведе дека за дивоградбите морал да знае чаирскиот градоначалник Висар Ганиу и неговиот тим. На прес конференцијата пред обвинителството, по првичните несогласувања со обезбедувањето на објектот, Арсовска покажа и две сателитски снимки од Чаир. На снимката од 2017-та конкретните дивоградби ги нема, додека на снимката од 6 години подоцна се гледаат градежни активности. Законот дозволува легализација само на дивоградби изградени до средината на 2011-та година.

**Покрената истрага за [дивоградба](#) од шест спрата во Чаир -** Постапувајќи по кривична пријава поднесена од група жители, државен обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје спроведе

истраги и издаде решение за спроведување истражна постапка против едно лице за кривично дело нелегално градење од член 244-а од Кривичниот законик. Од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија информираа дека објектот започнал да се воздигнува во 2024 година, без потребна дозвола и на државна парцела на улицата „Кемал Сејфула” во Чаир. Обвинетиот, во својство на менаџер на правен субјект, се појавува како инвеститор на градбата – резиденцијална зграда со деловни единици и висина П+П+6+Пк планирани за продажба.

**ДКСК ќе покрене кривично гонење на јавно комунално претпријатие поради незаконски јавни набавки -** Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) донесе одлука за поднесување иницијатива за кривично гонење до Основното јавно обвинителство против едно јавно комунално претпријатие за сомнежи за спроеведени незаконски постапки за набавки во врска со третман на градска депонија од пожари. Подносителот, како што информира известителот по предметот Билјана Каракашова Шулев на денешната 19-та седница, во пријавата навел дека за ист или сличен предмет за јавна набавка во 2021 година вредноста била поголема отколку во 2022 година, и според него со оглед дека станува за иста, односно идентична спецификација разликата во цена за една година отвора сомнение за коруптивно однесување во првиот случај на набавка.

**КЗК: Вишиот управен суд потврди решение со што се утврди дека големи веледрогерии склучиле забранет договор -** Вишиот управен суд со пресуда го потврди решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК), со што таа утврди дека две големи веледрогерии – АД „Д-р Пановски“ и „Фарма трејд“ ДООЕЛ – Скопје, склучиле забранет договор – картел при учество во постапка за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал. Комисијата за заштита на конкуренцијата истакнува дека „при откривање и документирање на овој картел го имала предвид домашното законодавство, но и судската пракса на Европската Унија“.

**Три години и четири месеци затвор за раководителот од Маврово** – фатен на дело со поткуп - По поднесеното обвинение од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција против С.Е., сега осудениот во целост призна дека ги сторил кривичните дела Примање поткуп и Примање награда за противзаконито влијание и наводите во обвинението. Основниот кривичен суд Скопје му изрече осудителна пресуда врз основа на признание на вина и му одреди казна затвор во траење од три години и 4 месеци. На предлог на јавниот обвинител, судот одлучи да се конфискуваат сите парични средства во вкупен износ од околу 11.600 евра што во моментот на претресот беа пронајдени кај сега осудениот, што претставува примена на инструментот на проширена конфискација предвиден во член 98-а од Кривичниот законик.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ 2025 ГОДИНА

**Уапсена позната очна битолска докторка поради примање поткуп- втор ваков случај од почетокот на годинава -** Позната битолска очна докторка е уапсена на своето работно место во Клиничката болница во Битола, откако од пациент примила пари за лекарска услуга. „Рполициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола, во координација со Јавното обвинителство Битола, ја лишија од слобода вработената докторка од Битола, вработена во Клиничката болница Битола, поради сомнение за сторено кривично дело – *примање поткуп* “. Министерството за здравство преку соопштение ја осуди корупцијата во здравствениот систем и информираше дека веднаш е иницирана постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на лекарката. Од таму ги охрабруваат граѓаните да продолжат да пријавуваат неправилности преку веб алатката „Пријави неправилност“.

**Обвинение за директорот на Геријатрија- се товари дека побарал мито 20.000 евра -** Обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција поднесе обвинение против директорот на ЈЗУ „13-ти Ноември“ – Скопје и уште едно лице, поради сомневање за примање поткуп и награда за противзаконито влијание. Директорот, како првообвинет, се товари дека побарал 20.000 евра од сведок за да овозможи прием на лице во тешка здравствена состојба во установата. Иако се работело за службена обврска која морал да ја исполни согласно должноста, директорот го условил дејствието со лична финансиска корист. Второобвинетото лице, според обвинението, ја примило сумата во негово име за да изврши влијание и да го поттикне да го прифати пациентот.

**Обвинителен предлог за злоупотреба на службена положба и овластување-** Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција поднесе Обвинителен предлог против едно лице на кое му се става на товар дека сторило кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување по чл.353 ст.5 вв ст.1 од Кривичен законик. Според обвинението, во периодот од 2021 година до 15 март 2022 година, обвинетиот, во својство на вршител на должност Претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (СУНРСМ), со неизвршување и пречекорување на службени овластувања, постапувал спротивно на повеќе законски прописи и со тоа прибавил противправна имотна корист за себе и други лица, нанесувајќи притоа значителна штета на буџетот на институцијата.

**Граѓаните ќе може да пријавуваат неправилности во здравството на веб-страницата на Министерството -** На веб-страницата на Министерството за здравство граѓаните отсега ќе може да пријавуваат неправилности во здравството. Пријавувањето ќе биде анонимно, но граѓаните ќе може да оставаат лични податоци како телефонски број и мејл-адреса за надлежните да ги контактираат доколку имаат некакви прашања. Согласно новината, предвидено е на крајот на секој месец јавно да се објавуваат податоците од пријавите – во кои јавни здравствени установи колку неправилности биле пријавени од страна на граѓаните.

## "БИСТРИ" НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ 2025 ГОДИНА

**Кривична за двајца поранешни директори на АД Пошти за злоупотреба на над 32 илјади евра -** СВР Скопје поднесе кривична пријава против поранешните генерални директори на АД „Пошти на Северна Македонија", поради основано сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата" согласно член 353 став 1 од Кривичниот законик. Според сознанијата од истражните дејствија, пријавените во текот на 2023 година не извршиле должен надзор врз работењето на подредените раководители, со што овозможиле набавки спротивно на Законот за јавни набавки. Наместо дозволената граница од 24.000 евра, биле реализирани набавки во вкупен износ од 56.546 евра, со што е надминат законскиот праг за 32.546 евра.

**Обвинение против осуммина, шест се полицајци – примале поткуп за незаконски престој на странски државјани -** Државното Јавно обвинителство, преку специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, поднесе обвинителен акт против осум лица, од кои шест се полициски службеници. Обвинението се однесува на сериозни злоупотреби на службената положба, противзаконито посредување и примање поткуп, со цел овозможување незаконски престој и прибавување дозволи за привремен престој на странски државјани.

**Виш полицаец обвинет за давање поткуп на колега на ГП Долно Блаце -** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје против виш полицаец во Единица за интервентна полиција при СВР Скопје. Тој е осомничен за кривично дело „давање поткуп" по член 358 став 1 од Кривичниот законик. Според истрагата, во февруари и март годинава, пријавениот понудил и дал поткуп на друг полициски службеник вработен на граничен премин Долно Блаце со цел тој да не ја изврши својата службена должност. На овој начин, евиденцијата за влез во државата на македонски државјанин била прикажана како влез на турски државјанин.

## "БИСТРИ" НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**„Сива зона": Игра за млади за зголемување на свеста за корупцијата и неетичко однесување -** Седум млади студенти од Македонија се автори на едукативната електронска игра „Сива зона", наменета за средношколци, чија цел е да ја подигне свеста за корупцијата и

последиците од неетичките одлуки. Од тимот се осврнуваат и на целите што сакаат да ги постигнат. “Младите се соочуваат со реални коруптивни ситуации. Се поттикнува критичко размислување, морална проценка и активна рефлексија на одлуките што ги носи секој играч – во процесот на играње на секој играч му се мери интегритет, репутација, време и пари. Се промовираат вредности како интегритет, чесност и отпор кон корупција. Се создава долготраен ресурс што ќе се користи во наставни и неформални едукативни средини”, се додава во соопштението.

**Кривична пријава против шест вработени во ЈП „Национални Шуми“: со несовесно работење нанеле штета на буџетот на претпријатието од над 170.000 евра –** Шест вработени во ЈП „Национални Шуми“, добија кривични пријави заради несовесно работење во службата и злоупотреба на службената положба и овластување, бидејќи нанеле штета на буџетот на претпријатието од над 170.000 евра. Вработените несовесно постапиле во вршењето на своите овластувања и должности, односно не извршиле теренска контрола.

**Кривична за тројца полицајци за направена штета до два милиони денари -** Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР до Основното јавно обвинителство Скопје поднесе кривична пријава против тројца полициски службеници од Одделението за прекршоци при СВР Скопје. „Пријавените несовесно постапиле при вршење на своите овластувања и должности“, соопштија од МВР. Според обвинението, во периодот од 1 јануари 2022 до 31 декември 2023 година, тие примиле записници за сообраќајни прекршоци и прекршочни платни налози, но не постапиле во законски предвидениот рок од две години, согласно Законот за прекршоци.

**СОЗР го објави бројот и електронската адреса за пријавување злоупотреби на службените возила -** Директорот на Службата за општи и заеднички работи информира дека е во функција телефонски број на кој граѓаните ќе можат да пријавуваат случаи на незаконита, партиска или приватна употреба на службени возила. „Ги охрабрувам граѓаните да ги пријавуваат сомнежите за злоупотреби. Ние ќе ги препраќаме до надлежната институција, за да се пристапи кон истражување и потврдување на евентуална злоупотреба и преземање на соодветни казни”, изјави Томовски кој истовремено ги повика сите институции да направат рационализација на возниот парк. Бројот за пријавување е 070 399 050, а тоа може да се изврши и на електронската адреса prijavizloupotreba@sozr.gov.mk.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

**Истрага за злоупотреби и малтретирање во приватни установи за сместување стари лица -** Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје донесе Наредба за спроведување истражна постапка против две лица осомничени за кривични дела – продолжена Злоупотреба на службената положба и овластување. Со дејствијата што ги координираше јавниот обвинител обезбедени се докази со кои се потврдува основано сомнение дека двете осомничени, во својство на сопственички и овластени лица на две приватни установи за социјална заштита на стари лица во Скопје, постапувале спротивно на Законот за социјална заштита и со намера да прибават за себе имотна корист потешко ги повредиле правата на згрижените лица.

**Нова истрага за злоупотреби во РЕК Битола -** Основното јавно обвинителство Битола донесе наредба за спроведување истражна постапка против осум физички и едно правно лице за продолжени кривични дела поврзани со јавни набавки во РЕК Битола. Со предистражните дејствија се обезбедија докази кои даваат основано сомнение дека петмина осомничени – службени лица во РЕК Битола, односно тогашниот директор на комбинатот и четворица раководители и директори во ПЕ Рудници во РЕК Битола, во текот на 2023 година како соизвршители сториле продолжено кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување.

**Притвор за шестмина и мерки на претпазливост за петнаесет приведени во случајот со прилепската болница -** Основното јавно обвинителство Прилеп до прилепскиот Суд за случајот со Општата болница во Прилеп поднесе предлози за притвор за шест лица, за 15-тина мерка за претпазливост и за шест до седум правни лица – од Прилеп, Битола, Скопје предлог за изрекување забрана за учество во постапки за јавни набавки. Се истражуваат наводи за финансиски малверзации, фиктивни набавки и злоупотреби на јавни средства.

**Кривична пријава против поранешен раководител во ЈП „Национални шуми" – Битола -** СВР Битола поднесе кривична пријава поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Според пријавата, осомничениот, во својство на поранешен раководител во ЈП „Национални шуми" - подружница „Кајмакчалан" Битола, во текот на 2023 година не постапил согласно своите службени овластувања. Наместо да ја следи реализацијата на договорот склучен помеѓу ЈП „Национални шуми" - Скопје и пилана во село Дихово и да не дозволи испорака на техничко дрво пред извршена авансна уплата, тој овозможил испорака на дрвна маса без претходно плаќање. Со таквото постапување, како што се сомничи, на приватниот правен субјект му овозможил да се стекне со материјална корист, а на јавното претпријатие му била нанесена штета во износ од 321.765 денари.

## "БИСТРИ" НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Десетина приведени од УЈП за поткуп и злоупотреби поврзани со кочанската трагедија -** Десетина вработени во Управата за јавни приходи се приведени во постапка што ја води кочанското обвинителство за злоупотреба на службената положба и овластувања и за примање поткуп. Поведена е постапка против вкупно 11 лица, кои се осомничени за корултивни дејствија поврзани со работата „Пулс", а меѓу осомничените се даночни контролори од Службата за даночни контроли при Регионалниот даночен инспекторат во дирекцијата во Штип, потоа даночни инспектори и управители од регионалните дирекции на Управата за јавни приходи во Штип и Струмица, како и инспекторка од Државниот пазарен инспекторат.

**Кривична пријава против поранешни функционери во Сарај и Скопје -** Управата за финансиска полиција поднесе кривична пријава против осум поранешни функционери и службеници од Општина Сарај и Град Скопје, како и против еден надзорен инженер, поради сомнение за злоупотреба на службената положба, несовесно работење и фалсификување или уништување на деловни книги. Според информациите од Управата, пријавените лица, иако биле свесни дека за катастарската парцела во Сарај не постои детален урбанистички план, изготвиле и одобриле документи со невистинита содржина, вклучително и пресметки за надоместок за уредување на градежно земјиште.

**Директорот на Платежната агенција и уште тројца осомничени за поткуп одат во притвор -** Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, како и уште тројца осомничени во случајот со примање поткуп, одат во притвор во траење од 30 дена, откако судот го прифати барањето на Обвинителството. Осомничениот директор и другите осомничени се товарат дека договарале поткуп од 50 илјади евра за пари од ИПАРД-програмата од поранешен пратеник и министер, кој ги ветил парите, а му дал на уапсениот директор 400 евра, со кои тој бил фатен. И 77-годишниот, поранешен пратеник и министер за локална самоуправа и правда, оди во ефективен притвор, согласно судската одлука.

**Акција на МВР: злоупотреби со државни резерви на жито -** Основното јавно обвинителство Скопје поведе постапка против пет лица за злоупотреба на службена положба и

овластување по член 353 став 5 во врска со став 4 и став 1 од Кривичниот законик. Во акцијата се опфатени раководители во Агенцијата за стоковни резерви, вешто лице од Бирото за процена, како и поранешен заменик-министер за земјоделство. Тие се смета дека направиле злоупотреби со државни резерви на жито. Штетата е проценета на 780.000 евра. Осомничените ја злоупотребиле својата функција со неизвршување на службените обврски. Иако биле должни да ја известат Владата за фактичката состојба во Јавното претпријатие за берзанско работење „Агро берза“ – Скопје, тие доставиле неточни податоци и информации за неоснован кусок на меркантилна пченица и јачмен во периодот 2019–2021 година. Со ваквите дејствија постапиле спротивно на Законот за стоковните резерви.

## “БИСТРИ” НАСТАНИ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Управниот суд со дигитална врска до сите институции за поефикасно судство -** Управниот суд на Република Македонија го означи значајниот пресврт во дигиталната трансформација на правосудството со промоцијата на нов, иновативен софтверски систем. Ова технолошко решение е дизајнирано да воспостави дигитална врска со сите јавни институции, како и со Вишиот управен суд, со што директно се влијае на поефикасното и побрзо функционирање на судскиот систем.

Иновацијата претставува значаен чекор кон модернизација на административното правосудство, обезбедувајќи потранспарентна и побрза размена на документи и податоци меѓу институциите, што директно ќе ја унапреди услугата за граѓаните и за правните лица.

**ОЈО Скопје поднесе обвинение против ексдиректорот на „Комунална хигиена“ и управителот за отпад за загрозување на животната средина -** Јавен обвинител предложи мерката притвор за двајцата обвинети да им биде заменета со мерки на претпазливост, бидејќи прибирањето докази е завршено, а тие немаат можност да влијаат на постапката. За обвинетиот управител со отпад, кој се уште е вработен во претпријатието, предложена е дополнителна мерка, односно привремено отстранување од работното место. Основното јавно обвинителство Скопје поднесе обвинителен акт против ексдиректорот на Јавното претпријатие „Комунална хигиена“, и за управителот на секторот за управување со отпад во скопското комунално претпријатие, дека како созвршители сториле кривично дело – загрозување на животната средина и природата со смет.

**Жител на Албанија приведен откога оставил пари на биро на Ќафасан, поткуп на граница -** На 27.12.2025 околу 14:30 часот на граничен премин Ќафасан, полициски службеници го лишија од слобода В.К.(41) од Република Албанија. При гранични проверки и пасошка контрола, тој на полициската службеничка и понудил поткуп, односно преку прозорот од кабината на бирото оставил пари. Тој е приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава. **Приведен 53-годишен маж на Ќафасан поради давање поткуп -** На 21.12.2025 околу 09:10 часот на Граничен премин Ќафасан, полициски службеници го лишија од слобода Е.К.(53) од Република Албанија. При пасошка и гранична контрола, тој на полицискиот службеник му дал поткуп, односно на бирото оставил пари, по што е лишен од слобода.